Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 27-08-2014
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
10 | 432/12 | 1 |

# И З В Е Ш Т А Ј
## од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, емитуван на 4 август 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на ТРД ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово од 4 август 2014 година, е констатирано **прекршување на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (не е дозволено идентификување на спонзорот во текот на документарните и на програмите за деца).

Во неколку наврати, во текот на програмата за деца „Котиледонија, во долниот дел од екранот на банери (со помош на техниката „поделен екран") се појавуваат информации за правните субјекти што го поддржале производството на програмата (еднаш означени како „спонзори", а еднаш како „пријатели"), односно се идентификуваат спонзорите на програмата.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Програма за деца „Котиледонија" | 13:11:14 - 14:06:33 | | |
| *Поделен екран*<br>**Спонзори** (Сано, Скопски Пазар, Arcerol Mittol, Краш, Фриком, Суна, B-Watch, Пако Мак)<br>**Пријатели** (Кроација Осигурување, Нова Македонија, Агенс, МКЦ, Џоли Травел и други.) | 13:16:30<br>13:17:04 | 13:17:04<br>13:17:37 | 00:01:07 |
| *Поделен екран*<br>**Спонзори** (Сано, Скопски Пазар, Arcerol Mittol, Краш, Фриком, Суна, B-Watch, Пако Мак)<br>**Пријатели** (Кроација Осигурување, Нова Македонија, Агенс, МКЦ, Џоли Травел и други.) | 13:26:42<br>13:27:16 | 13:27:16<br>13:27:49 | 00:01:07 |
| *Поделен екран*<br>**Спонзори** (Сано, Скопски Пазар, Arcerol Mittol, Краш, Фриком, Суна, B-Watch, Пако Мак)<br>**Пријатели** (Кроација Осигурување, Нова Македонија, Агенс, МКЦ, Џоли Травел и други.) | 13:36:05<br>13:36:38 | 13:36:38<br>13:37:11 | 00:01:06 |
| *Поделен екран*<br>**Спонзори** (Сано, Скопски Пазар, Arcerol Mittol, Краш, Фриком, Суна, B-Watch, Пако Мак)<br>**Пријатели** (Кроација Осигурување, Нова Македонија, Агенс, МКЦ, Џоли Травел и други.) | 13:48:59<br>13:49:32 | 13:49:32<br>13:50:05 | 00:01:06 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Поделен екран*<br>**Спонзори** (Сано, Скопски Пазар, Arcerol Mittol, Краш, Фриком, Суна, B-Watch, Пако Мак)<br>**Пријатели** (Кроација Осигурување, Нова Македонија, Агенс, МКЦ, Џоли Травел и други.) | 13:57:17<br><br>13:57:50 | 13:57:50<br><br>13:58:24 | 00:01:07 |

***Опис на прекршувањето:***

**Спротивно на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** во текот на програмата за деца „Котиледонија" (летен камп со Ивце Пивце) емитувана на Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, на 4 август 2014 година, се идентификуваат спонзорите на програмата.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*27.08.2014 година*

| **Претходно изречена мерка:** |
|---|
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).